Општина Јегуновце е рурална општина составена од 11 села со 10.790 жители. Дел од селата во општина Јегуновце имаат сопствени локални водоводни системи, кои заради неодржување на истите, лош квалитет на водата, како и заради проблеми со техничкото функционирање се соочуваат со проблеми во сопственото водоснабдување.

Општа цел на проектот беше да се обезбеди пристап до доволни количини на здрава вода за пиење во заедниците од општина Јегуновце. Цел на проектот беше да се зголеми јавната свест за потребата од сопствена реализација на индивидуални приклучоци со водомери и плаќање на водата што се користи од новите водоводни системи.

Целна група на проектот беа жителите на 11 села од општина Јегуновце и село Озормиште од општина Желино. Директни корисници на проектот беа вкупно 8.446 жители во 1.962 семејства од 12 населени места. Покрај населението, директен корисник на програмата е и Општинското јавно претпријатие „Јегуновце“. Целното подрачје на проектот беше рурално, а тој се спроведе во сите 11 села од општина Јегуновце и во село Озормиште.

Со проектот се придонесе кон зајакнувањето на свеста на корисниците за користењето на водоводните системи и за плаќање за потрошената вода/добиената услуга, како и кон зајакнувањето на волјата на корисниците да поставaт индивидуални приклучоци со водомер. Овие резултати беа постигнати преку следните активности:

Подготовка на кампањата. Оваа активност опфати осмислување слоган и промотивен материјал, како и состаноци со управата на основните училишта, општината и локалните граѓански организации (ГО) заради подетално планирање на активностите. За оваа цел беа спроведени два ограничени повика за услуги за идејно решение, подготовка и печатење на промотивни материјали и слоган. На првиот повик, спроведен во 2008 г. понудените решенија не ги исполнија критериумите за квалитет, поради што повикот беше повторен во 2009 г. Слоганот на кампањата беше „Чиста сметка – здрава вода“. Со логото и слоганот на кампањата на македонски и на албански јазик се отпечатија 2220 чаши, 2000 платнени торби, 2100 запалки, 4000 летоци/ постери и 4000 пенкала.

Чиста сметка - здрава вода!

[Извршно резиме од проектот.]